ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 - 6982 / 2
Датум: 03.10.2024 год.
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), а во врска со дел II Проектни активности, точка 14. Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош , Избор на најдобра литературна творба за учениците од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош од Програмата на активностите на Општина Карпош во областа образование за 2024година (СлужбенгласникнаОпштинаКарпош бр16/23, 2/24 и 5/24). ) а во врска со Одлуката за објавување на Оглас за избор на најдобра литературна творба за учениците од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош бр..11- 6982 /1 од 02..102024 година Општина Карпош објавува :

# ОГЛАС

за избор на најдобра литературна творба (поезија или проза)
на тема **„ПРИКАЗНА ЗА МОЈАТА ОПШТИНА"** за учениците од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош
во учебната 2024/2025 година

1. **Право на учество**
   - Право на учество имаат сите општински основни училишта на подрачјето на Општина Карпош

2. **Начин на учество**

   Секое училиште формира Училишна комисија за избор на најдобри литературни творби и до Комисијата при Општина Карпош доставува:
   - 1 (една) најдобра литературна творба од учениците од 1-5 одд и 1 (една) најдобра литературна творба од учениците од 6-9 одд
   - Членовите на училишната комисија треба да се од редот на наставниците (одделенски наставници и предметни наставници по македонски/албански јазик) избрани на Наставнички Совет
   - Литературните творби може да бидат напишани како проза или поезија, заведени под шифра
   - Творбите напишани на јазик кој не е македонски, да имаат превод

**3. Висина на награди**

**Награди за литературна творба за одделенска настава**

Прва награда 10.000 денари

Втора награда 6.000 денари

Трета награда 4.000 денари

**Награди за литературна творба за предметна настава**

Прва награда 10.000 денари

Втора награда 6.000 денари

Трета награда 4000 денари

**4. Начин на пријавување**

Училиштата, избраните творби во затворен плик ги доставуваат во Архивата на Општина Карпош со назнака:

До Комисија за избор на најдобра литературна творба на тема: „ПРИКАЗНА ЗА МОЈАТА ОПШТИНА“

**5. Рок за поднесување на документи**

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 18.10.2024 година. Документите кои не се навремено доставени нема да бидат разгледувани.

**Комисија за избор на најдобра литературна творба**